# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 07 Септември 2017 година Скопје Бр.13 Год. XII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за распишување на референдум на локално ниво..................................................стр.2


**Септември 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за распишување на референдум на локално ниво**

Се објавува Одлуката распишување на референдум на локално ниво, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на седумдесет и втората (вонредна) седница на Советот, одржана на ден 04.09.2017 година.

**Број 09-2519/1**
**од 04.09.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02.), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ бр. 13/14) , Советот на општина Ѓорче Петров на 72-та (вонредна) седница одржана на ден 04.09.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за распишување на референдум на локално ниво

**Член 1**

Советот на општина Ѓорче Петров распишува референдум за подрачјето на општина Ѓорче Петров – Скопје заради изјаснување на граѓаните за населување и интеграција на мигранти на територијата на општина Ѓорче Петров.

Советот на општина Ѓорче Петров распишува референдум од претходниот став по сопствена иницијатива.

**Член 2**

На референдумот на локално ниво граѓаните на општина Ѓорче Петров ќе одговорат на следново прашање: „ **Дали сте за населување и интеграција на мигранти на територијата на општина Ѓорче Петров?“**

Граѓанинот на Референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот „**ЗА“ или „ПРОТИВ“**.

**Член 3**

Изјаснувањето по референдумското прашање од член 2 од оваа Одлука се спроведува со цел граѓаните од подрачјето на Општина Ѓорче Петров да одлучат дали ќе дозволат да се населуваат и интегрираат мигранти на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Одлуката на Референдуот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број што гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список на Општина Ѓорче Петров.

Одлуката донесена на Референдумот е задолжителна.

**Член 5**

Доколку на Референдумот се донесе негативна Одлука за прашањето за интегрирање и населување н амигранти на територија на Општина Ѓорчер Петров, советот на Општина Ѓорче Петров ќе ги извести надлежните државни органи за донесената Одлука.

**Член 6**

Од денот на објаување на Одлуката за распишување на референдумот во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров до денот на одржувањето на референдумот неможе да поминат помалку од 25 ниту повеќе од 40 дена, односно референдумот ќе се одржи на 15.10.2017 година (недела) од 07:00 до 19:00 часот.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинска Изборна Комисија на Општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

Средствата за спроведување на Референдум се обезбедени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2458/2**
**од 04.09.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**